РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-1877/4
07.09 2020 год.
СТРУМИЦА

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица„ бр5/06), и Одлуката за донесување на Оперативен план со Методологија и правилник за ставање во функција на повеќенаменски социјален центар и Новиот НВО центар во Струмица, донесена од Стрна на Советот на општина Струмица на седницата одржана на 25.06.2020 година, Градоначалникот на општина Струмица објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За распределба и доделување на општински простории – времено користење во дел од општинска зграда/Касарна Струмица, СУ+П+2 (приземје и спрат) на КПбр.7034/26, КО Струмица (Г.П 36-16-КО Струмица) распоредени на :**

**1.Приземје/Повеќенаменски социјален центар**

**2.Први спрат/Нов НВО Центар**

**од страна на Граѓански организации (времени корисници) од Општина Струмица, заради создавање на механизми за институционална соработка помеѓу општината и граѓанскиот сектор во рамките на Стратегијата-Акцискиот план за соработка со граѓанскиот сектор 2015-2020 година**

**Согласно Член 2 од Правилникот,** шестте поединечни простории (канцеларии), дел од Повеќенаменскиот социјален центар на приземје, општината ги става на располагање (времено користење од најмногу четири години со можност за продолжување) на Здруженија на граѓани од Општина Струмица кои согласно своите програмски активности и определби работат и делуваат во областа на Социјалната сфера како сегашни или идни Сервис провајдери за развивање и испорака на социјални сервисни услуги согласно Законот за Социјална заштита на РСМ усогласени со Правилниците на МТСП на РСМ за вршење на таа дејност, односно, како сегашни или идни даватели на социјални сервисни услуги за граѓаните на Општина Струмица, посебно секој во рамките на својата област на делување на локално ниво.

**Согласно Член 3 од Правилникот,** петте поединечни простории (канцеларии), дел од Новиот НВО центар на први спрат, општината ги става на располагање (времено користење од најмногу четири години со можност за продолжување) на Здруженија на граѓани од Општина Струмица кои согласно своите програмски активности и определби работат и делуваат во сите други области како активни партнери во унапредувањето на општинските политики во контекст на градењето Граѓанско општество на локално ниво.

**Распределбата и доделувањето на просториите во двата центри ќе се спроведува како две посебни независни постапки во рамките на објавениот Јавен повик.**

**Согласно Член 4 од Правилникот,** Градоначалникот на општина Струмица со Решение именува две посебни Комисии(трочлена) за избор распределба и доделување на општинските простории во двата посебни центри. Во состав на Комисијата се вклучува и претставник на Граѓанскиот сектор кој самоиницијативно со поднесување на писмо за интерес и лична биографија до Општина Струмица по објавувањето на јавниот повик се пријавува да биде дел од Комисијата со еднакво право на одлучување со останатите членови. Претставникот од

граѓанскиот сектор не треба да биде член на ниедна организација која на јавниот повик се јавува со пријава за интерес!

**<u>Право на учество (пријава)</u>**

- Како субјекти кои можат да се јават- конкурираат на Јавниот повик заради времено користење на општински простории во **Повеќенаменскиот социјален центар во општина Струмица(приземје)** се определуваат исклучиво Граѓански организации, регистрирани во Општина Струмица кои согласно своите програмски активности и определби работат и делуваат во областа на Социјалната сфера и имаат намера во период на временото користење на општинските простории да развиваат и испорачуваат социјални сервисни услуги за граѓаните на Општина Струмица како сегашни или идни Сервис провајдери на локално ниво.

- Како субјекти кои можат да се јават-конкурираат на Јавниот повик заради времено користење на општински простории во **Новиот НВО Центар во општина Струмица (прв спрат)** се определуваат сите Граѓански организации, регистрирани во Општина Струмица кои согласно своите програмски активности и определби работат и делуваат во сите други области а сега и во иднина имаат намера со совојот придонес и работа да бидат активни партнери и коректив на локалната власт во процесот на унапредувањето на општинските политики во контекст на градењето Граѓанско општество на локално ниво.

**Напомена:**
**<u>Согласно член 9 од Правилникот</u>**

- **Граѓанските организации кои веќе користат општински простории без надомест немаат право да се јават на Јавниот повик!**
- **Организациите кои во рамките на пријавата ќе достават доказ за институционално јакнење или реализација на проекти поддржани од донаторите (Амбасада на Република Бугарија или ФООМ) како директни партнери на Општина Струмица во реализацијата на двата центри, во процесот на евалуација ќе имаат блага предност пред другите апликанти!**

**<u>Подобност на подносител на пријавата (апликант)</u>**

**<u>Согласно Член 8 од Правилникот,</u>**

**Апликантите кои се јавуваат на јавниот повик за распределба и доделување на општински простории на времено користење во „Повеќенаменски социјален центар во Општина Струмица “, во процесот на евалуација мора да ги исполнуваат:**

**Општи критериуми:**

1. Да се регистрирани како посебни Здруженија на граѓани или Подружници на територија на Општина Струмица.........................................................................................10 бода!

2. Реализацијата на програмските активности да се реализира исклучиво на територија на Општина Струмица и да влијаат на унапредувањето на животот на целните групи (граѓаните) на територија на Општина Струмица.....................................................10 бода!

**Посебни критериуми:**

1. Едногодишен план/Програма на активности за развивање и испорака на социјални сервисни услуги (2019-2020/21)год...........................................................................15 бода!

2. Повеќегодишен (среднорочен план) на активности за развивање и испорака на социјални сервисни услуги (2020-2024) год.....................................................................................15 бода!

3. Референтна листа на реализирани проекти во изминатиот период(2015-2020)г....20 бода!

4. Референтна листа на реализирани проекти финансирани од Општина Струмица (2015-2020)........................................................................................................................20 бода!

5. Доказ за реализирани други активности, достигнувања и резултати во однос на унапредувањето на целната група која ја застапуваат за период (2015-2020)год, како и доказ за добиена лиценца или започната процедура за вршење на дејноста од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија..........................................................................................................................10 бода!

6. Доказ за институционално јакнење или други проекти поддржани од донаторите (Амбасада на Република Бугарија или ФООМ) како директни партнери на Општина Струмица во реализацијата на двата центри (ќе се смета за предност)!

**Апликантите кои се јавуваат на јавниот повик за распределба и доделување на општински простории на времено користење во „Нов НВО Центар во Струмица", во процесот на евалуација мора да ги исполнуваат:**

**Општи критериуми:**

1. Да се регистрирани како посебни Здруженија на граѓани или Подружници на територија на Општина Струмица............................................................................................10 бода!

2. Реализацијата на програмските активности да се реализираат исклучиво на територија на Општина Струмица и да влијаат на унапредувањето на животот на целните групи (граѓаните) на територија на Општина Струмица.......................................................10 бода!

**Посебни критериуми:**

1. Едногодишен план/Програма на Здружението/ активности за зајакнување на целната група/и а во контекст на унапредување на општинските политики во процесот на градење Граѓанско општество (2019-2020/21)год..........................................................................15 бода!

2. Повеќегодишен (среднорочен план) на Здружението/ активности за зајакнување на целната група/и а во контекст на унапредување на општинските политики во процесот на градење Граѓанско општество на локално ниво (2020-2024) год................................15 бода!

3. Референтна листа на реализирани проекти во изминатиот период(2015-2020)г.......20 бода!

4. Референтна листа на реализирани проекти финансирани од Општина Струмица(2015-2020)........................................................................................................................20 бода!

5. Доказ за реализирани други активности, достигнувања и резултати во однос на унапредувањето на целната група која ја застапуваат за период (2015-2020)г,..........10 бода!

6. Доказ за институционално јакнење или други проекти поддржани од донаторите (Амбасада на Република Бугарија или ФООМ) како директни партнери на Општина Струмица во реализацијата на двата центри (ќе се смета за предност)!

**Потребна комплетна документација со која подносителот на пријавата (апликантот) се јавува на Јавниот повик за распределба и доделување на општински простории на времено користење во „Повеќенаменски социјален центар во Општина Струмица“ е:**

1. **Пријава /Анекс бр 1 –*Апликативен образец (даден во прилог на јавниот повик)*** *и во прилог на неа задолжително:*

   1.1. Тековна состојба на здружението на граѓани не постаро од 6(шест) месеци;

   1.2. Копија од важечка потврда/решение за регистрација на здружението на граѓани не постара од 6 месеци;

   1.3. Копија од статутот на здружението на граѓани;

   1.4. Копија од завршниот годишен финансиски извештај за претходната година/завршна сметка (биланс на успех и биланс на состојба) заверен од надлежна институција за финансиско работење или овластен сметководител;

   1.5. Едногодишен план/Програма на активности за развивање и испорака на социјални сервисни услуги (2019-2020/21)год;

   1.6. Повеќегодишен (среднорочен план) на активности за развивање и испорака на социјални сервисни услуги (2020-2024) год;

   1.7. Референтна листа на реализирани проекти во изминатиот период(2015-2020)год;

   1.8. Референтна листа на реализирани проекти финансирани од Општина Струмица(2015-2020);

   1.9. Доказ за реализирани други активности, достигнувања и резултати во однос на унапредувањето на целната група која ја застапуваат за период (2015-2020)год, како и доказ за добиена лиценца или започната процедура за вршење на дејноста од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;

   1.10. Доказ за институционално јакнење или други проекти поддржани од донаторите (Амбасада на Република Бугарија или ФООМ) како директни партнери на Општина Струмица во реализацијата на двата центри (доколку е применливо).

**Потребна комплетна документација со која подносителот на пријавта (апликантот) се јавува на Јавниот повик за распределба и доделување на општински простории на времено користење во „ Нов НВО центар во Општина Струмица“ е:**

1. **Пријава /Анекс бр 1 –*Апликативен образец (даден во прилог на јавниот повик)*** *и во прилог на неа задолжително:*

   1.1. Тековна состојба на здружението на граѓани не постаро од 6(шест) месеци;

   1.2. Копија од важечка потврда/решение за регистрација на здружението на граѓани не постара од 6 месеци;

1.3. Копија од статутот на здружението на граѓани;

1.4. Копија од завршниот годишен финансиски извештај за претходната година/завршна сметка (биланс на успех и биланс на состојба) заверен од надлежна институција за финансиско работење или овластен сметководител;

1.5. Едногодишен план/Програма на Здружението/ активности за зајакнување на целната груп/и (2019-2020/21)год а во контекст на унапредување на општинските политики во процесот на градење Граѓанско општество на локално ниво;

1.6. Повеќегодишен (среднорочен план) на Здружението/ активности за зајакнување на целната група/и (2020-2024) год а во контекст на унапредување на општинските политики во процесот на градење Граѓанско општество на локално ниво;

1.7. Референтна листа на реализирани проекти во изминатиот период(2015-2020)г;

1.8. Референтна листа на реализирани проекти финансирани од Општина Струмица(2015-2020);

1.9. Доказ за реализирани други активности, достигнувања и резултати во однос на унапредувањето на целната група која ја застапуваат за период (2015-2020)г;

1.10. Доказ за институционално јакнење или други проекти поддржани од донаторите (Амбасада на Република Бугарија или ФООМ) како директни партнери на Општина Струмица во реализацијата на двата центри (ќе се смета за предност)!

**Напомена!**
**Овој дел е елиминаторен без никакви отстапки. Недостатокот на било кој од наведените (побараните) документи е причина за елиминација на доставената пријава од понатамошната постапка за евалиација и оценување и за тоа Општината не превзема одговорност!**

**Пријавата во рамките на Јавниот повик е достапна и може да се превземе од веб страницата на Општина Струмица (www.strumica.gov.mk) во работна верзија! Документите се доставуваат во два идентични примероци во хартиена форма и еден примерок во електронска форма(CD или USB).**

**<u>Начин на достава на Проектната документација</u>**

Два оригинални примерока од пријавата во печатена форма и во прилог на неа сите документи(копии од подинечни документи, наредени во пластична папка со механизам редоследно дадени-наведени во Јавниот повик, потпишани од Претседателот на организацијата како подносител, заверени со печат од организацијата) и еден примерок од комплетната документација во електронска форма на CD или USB, да се достават во затворен плик по пошта или на рака во Архива на Секторот за ЛЕР и ЗЖС на следнава адреса:

**Општина Струмица**
**Одделение за ЛЕР**
**Адреса: ул. „Благој Јанков Мучето“ бр.37, поранешен Дом на АРМ,**
**2400 Струмица**

За да бидат прифатени пријавите мора целокупната документација да се достави исклучиво по препорачана пошта или лично, во затворен плик на кој е назначено дека е за **Јавниот повик за распределба и доделување на општински простории – времено користење во дел од општинска зграда/Касарна Струмица, СУ+П+2(приземје и спрат) на КПбр.7034/26, КО Струмица(Г.П 36-16-КО Струмица) распоредени на :**

**1.Приземје/Повеќенаменски социјален центар**

**2.Први спрат/Нов НВО Центар, со точно обележана назнака (круг) за кој од центрите се аплицира(конкурира)!**, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 08:00 и 16:00 часот, во рок од **5(работни дена) дена, од денот на објавување на Јавниот повик сметајќи го и денот на објавување на јавниот повик на официјалната општинска веб страница.**

**Крајниот рок за поднесување на апликациите е пет (5) работни дена, вклучително и денот на објавување на јавниот повик .**

**На предната страна на пликото Во горниот лев агол да стои: „Не отварај“, а во долниот десен агол да стои: Општина Струмица, Ул.„Благој Јанков Мучето“ бр. 37-Поранешен ДОМ на АРМ и под истата назнаката „ За Јавен повик за распределба и доделување на општински простории – времено користење во дел од општинска зграда/Касарна Струмица, СУ+П+2(приземје и спрат) на КПбр.7034/26, КО Струмица(Г.П 36-16-КО Струмица) распоредени на :**

**1.Приземје/Повеќенаменски социјален центар**

**2.Први спрат/Нов НВО Центар, со точно обележана назнака (круг) “.**

**Напомена**!

**Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Пријавите/Апликациите кои ќе пристигнат по зададениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е со официјалниот краен рок. Примената документација не се враќа!**

**Појаснување-дополнителни информации:**

**<u>Согласно член 10 од Правилникот</u>**

Јавниот повик кој се распишува за таа намена ги содржи сите информации согласно правилникот и **трае 5 работни дена** вклучително и денот на објавување.

Комисијата во рок од **5 работни дена** по завршувањето на крајниот рок за пријавување го спроведува процесот на евалуацијата и изготвува записник (писмен документ )кој го доставува како предлог до Градоначалникот на Општина Струмица.

Градоначалникот во рок од **2 дена** по доставувањето на предлогот од Комисијата, носи Решение за распределба на општински простории.

Решението од Градоначалникот на Општина Струмица за распределба на општински простории јавно и транспарентно се објавува на општинската веб страница а Комисијата со писмено известување ги известува сите пријавени апликанти за резултатите.

Апликантите во рок од **3 дена** по првичното објавување на решението од Градоначалникот имаат можност за евентуални жалби по истата. Комисијата во рок од 3 дена ги разгледува жалбите и во рамките на писмен документ (аргументација) се произнесува до Градоначалникот и до подносителите.

По истекот на рокот за жалби и Извештајот од Комисијата по истите кој исто се објавува на општинската веб страница, Решението од Градоначалникот е конечно и по него не се прифаќаат дополнителни жалби.

**Согласно Член 11, 12 ,13 и 14 од Правилникот**

- Корисниците кои во рамките на посебен правен документ (Договор за времено користење на општински простории),се стекнал со право на времено користење на истите, мора одговорно , професионално и домаќински да се однесуваат кон просториите кои ги користат, во спротивно последиците за можно предвремено раскинување на договорите, паѓаат на нивен товар.

- Корисниците кои се стекнале со право на времено користење на општинските простории по потпишувањето на договорот истите ги превземаат со примопредавање (записник за констатирана почетна состојба) потпишан од одговорното лице од Комисија за следење на состојбата на општинските простории и Претседателот на здружението кој во договорот се јавува како Корисник.

- Корисниците кои се здобиле со право на времено користење на општинските простории имаат еднакво право заеднички да ги користат заедничките простории (скалишен простор, заеднички тоалет и заедничка просторија/сала за состаноци) и за истите, подеднакво сите ја сносуваат одговорноста за нивно домаќинско чување. Во спротивно сите заеднички ја сносуваат одговрноста и заеднички ја подмируваат штетата направена во тие простории.

- Општинските простории на Граѓанските организации им се стават на располагање заради создавање на механизми за институционална соработка помеѓу општината и граѓанскиот сектор во рамките на Стратегијата-Акциски план за соработка со граѓанскиот сектор 2015-2020 година и во таа насока нивно вмрежување и градење на меѓусебните капцитети во интерес на граѓаните на Општина Струмица заради воспоставување на соработка, помеѓу граѓанскиот сектор, општината и останатите институции и релевантни чинители во локалната заедница на највисоко ниво, како доказ за заедничката намера да градиме Граѓанско општество на локално ниво.
  Секоја поединечна интенција за одредени проблеми во двата центри од било кој корисник докажана и потврдена ќе биде причина за елиминирање на правото на времено користење на општинските простории на тој корисник кој ги создава проблемите во двата центри во Општинската зграда, во која во иднина ќе функционираат центрите.

**Согласно Член 17 од Правилникот**

- Комуналните трошоци за струја и вода се на товар на корисниците разделени подеднакво на сите корисници во рамките на постоечките броила до моментот додека тоа не биде поинаку регулирано.

Лице за контакт:
Тони Милушев
Раководител на Одделение за ЛЕР/Општина Струмица
mail: toni.milusev@strumica.gov.mk

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Коста Јаневски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК • ОПШТИНА СТРУМИЦА